


# Golden Temjanika 2014 *ПРВОТО МАКЕДОНСКО ПОЗЛАТЕНО ВИНО*

Златна Темјаника е премиум суво бело вино добиено од одбрани гроздови Темјаника. Карактеристиките и привлечноста на ова вино се истакнуваат со додавањето на нежни ливчињата од вистинско 24-каратно злато во самото вино. Златна Темјаника, освен со својот ултрамодерен, нежно-сјаен изглед, се одликува и со мирис кој е елегантен и сензуален, со комплексни овошни ароми на сува кајсија, кора од портокал и дискретни зачински поттонови. Вкусот е средно полн, избалансиран, со хармонична свежина и овошно-зачински послевкус. Златните ливчиња пристуни во Златна Темјаника се наменети за употреба во гастрономијата, сосема се безбедни за конзумација, антиалергиски се и не влијаат на вкусот и мирисот на самото вино.

Златна Темјаника е вино чие содавање е инспирирано од величественоста на обичните мигови кои ги споделуваме со другите луѓе. Визуелно присутната екстраваганција и нишката на луксуз кај ова вино претставуваат порака која нé потсетува на убавината на едноставното уживање во животот.

Уживајте во ова вино како аперитив, во комбинација со лесни предјадења и суви колачи, пита од јаболка, поширани круши и сл.
Препорачана температура на послужување: 8-10$^{o}$C.

Алкохол: 13.5 % Vol. Полнето: Јуни 2015